# *ЕДИТОРИЈАЛ*

*Во склоп на стручната програма на VII-от собир на стоматолозите од Македонија, што се одржа од 20 до 22 мај 1993 година во Дојран, беа презентирани и трудови реализирани со материјалите од Lek-овата програма, што ги објавуваме во овој број на МСП.*

*Меѓу другото, проследена е тубуларната заштита на трајните заби кај млади лица, примената на дентин-протекторот во стоматолошката протетика, превентивното залевање на фисурите со хелиосил, како и естетската корекција на дисколорирани заби.*

*Анализиран е антимикробниот ефект на апекситот како и антибактеријалниот и аналгетичен ефект на ахидронот. Прикажани се и позитивните, односно негативните ефекти на композитните материјали (Tetric, Basic L, Helioseal, Syntac, Coradent, Heliosit Orthodontic) при реставрации на кариозни лезии, изработка на неметални надградби, репаратура на фасети, коректура на бојата на стари фасети, преработка на стари фасети по симнувањето на стари мостови, при ортодонтски третман, како и нивната толерантност односно нетолерантност во однос на гингивата.*

**Проф. д-р Марија Накова, dr sci**

*помошник главен уредник*